**20222603835**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 22 став 4 од Законот за обука и испит на директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/15, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 и 140/18), министерот за образование и наука, донесе

## ПРОГРАМА ЗА НАПРЕДНА ОБУКА НА ДИРЕКТОРИ

I. Со оваа програма се пропишуваат темите од содржината на напредната обука на директорите на основни и средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење, и тоа:

1. ДИГИТАЛНА ПИСМЕНОСТ

1) Електронска комуникација: дигитален потпис, дигитален сертификат, напредна е-пошта,

2) Медиумска и дигитална писменост и

3) Современи алатки за интегрирање на дигитално-информатичките технологии во менаџирање со училиштето – Менаџерско информатички систем (МИС).

2. ВОДСТВО

1) Современи пристапи во лидерството,

2) Психолошки аспекти на лидерството,

3) Менаџирање на време – баланс меѓу животот и работата – навики на успешност,

4) Емоционална интелигенција и емоционални компетенции на директорите на училиштата,

5) Етика и интегритет и

6) Внатрешна мотивација и ангажираност на вработените во училиштата.

3. РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

1) Менаџмент на знаење,

2) Организациско учење,

3) Презентациски вештини,

4) Современи односи со јавноста и лобирање,

5) Личен, професионален и кариерен развој и

6) Улогата на директорот во водење на социјален дијалог/партнерска соработка.

4. ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

1) Менаџирање на училиште во кризни ситуации,

2) Улогата на директорот во обезбедување и контрола на квалитетот во воспитно-образовните установи,

3) Улогата на директорот во планирање, организирање и реализирање на: настава со физичко приуство на учениците, настава на далечина и електронска настава,

4) Проектен менаџмент,

5) Улогата на директорот во воведување на инклузивна култура и

6) Интернационализација на училиштата преку меѓународна проектна соработка.

5. ФИНАНСИСКО РАКОВОДЕЊЕ

1) Финансирање проекти,

2) Внатрешна контрола и финансиски надзор и

3) Финансиски менаџмент.

6. ПРИМЕНА НА ПРОПИСИ И АДМИНИСТРАТИВНО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

1) Примена на прописи од областа на работните односи,

2) Примена на прописи од областа на основното/средното образование и ученичкиот стандард,

3) Постапка за изготвување акти на установата и нивно донесување и

4) Јакнење на свеста на директорите за превенирање од корупција, етика и интегритет, согласно прописите од областа за спречување на корупција и судирот на интереси.

II. Со денот на влегувањето во сила на оваа програма, престанува да важи Програмата за напредна обука на директори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 219/15).

III. Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-14414/2
28 ноември 2022 година
Скопје

Министер
за образование и наука ,
Доц. д-р **Jeton Shaqiri,** с.р.